



# Агресија на посесивната опсесија

## Денис САРАГИНОВСКИ

Роден 1971, Скопје. 1991-1996 сликарски оддел, Факултет за ликовни уметности, Скопје.
Самостојни изложби:
1999 „...континуирана воздржаност... ", CIX Gallery, Скопје
Групни изложби:
1995 Скопско лето, Чифте Амам, Скопје

Друг начин на истражување на медиумот. Компјутерски генерирани слики, истражување на можностите на сликата, при што сликарската иконографија е приметлива. Формалистички тип на видео фокусирано на манипулацијата и трансформацијата на сликата преку графика и монтажа, користејќи го во одредени моменти екранот како сликарско платно.

Билјана Тануровска

## Слободанка СТЕВЧЕСКА

Родена 1971, Скопје. Дипломирала 1998, на педагошкиот оддел, Факултет за ликовни уметности, Скопје
Самостојни изложби:
1999 „Пет столици и видео", CIX Gallery, Скопје
1999 „Доказ дека гревот е правата, единствена и универзална вистина", Галерија „М", Битола
Групни изложби:
1998 Драспајца '98, Уметничка галерија, Битола
1997 СИАБ, Музеј на град Скопје, Скопје

Игра на трансформацијата и баналноста. Манипулација на препознатливото и апстрактното, трансформирајќи го од едно во друго. Банализирање на процесот. Дематеријализирање на цртежите при трансферот во видео медиум. Трпезариските столови доведуваат до скулптуралност, а инсталацијата од пет монитори и репетитивен звук до атмосфера на 3D стрип.

*„...континуирана воздржаност... ", Денис Сарагиновски, 1998, видео-арт, 13 мин, CIX Gallery, Центар за современи уметности, Скопје*



*„Пет столици и видео", Слободанка Стевческа, 1999, видео инсталација, CIX Gallery, Центар за современи уметности, Скопје*




Слободанка Стевческа и Денис Сарагиновски од 2001 година работат заедно под името ОПА - Опсесивно посесивна агресија.

www.o-p-a.org